„Обврските на муслиманот кон другиот муслиман се пет на број: да му го возврати на селамот, да го посети болниот, да го следи џеназето, да му се одзвие на поканата и да му посака сомилост од Бог на оној што ќе кивне.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, рекол: Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Обврските на муслиманот кон другиот муслиман се пет на број: да му го возврати на селамот, да го посети болниот, да го следи џеназето, да му се одзвие на поканата и да му посака сомилост од Бог на оној што ќе кивне.“

[متفق عليه] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, објаснува некои од правата на муслиманот за својот брат муслиман. Првото право е да се одговори на селамот на оној кој те поздравил. Второ право: Посета и грижа за болниот. Трето право: Да го следи џеназето од домот, па сè до местото каде што ќе се изврши џеназе намазот и до гробиштата, па сè до погребувањето. Четврто право: Да му се одзвие на поканата за свадбена гозба или друга покана. Петто право: Да му посака сомилост од Аллах на оној што ќе кивне така што кога ќе го слушне дека по кивањето изговорил ,,елхамдулиллах", да му се каже „јерхамукеллах", (Аллах нека ви се смилува), а тој што кивнал да одговори „Јехдикумуллаху ве јуслих балекум (Аллах нека ве упати и нека ја поправи вашата состојба)."

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3706